Информативно гласило на Град

# СКОПЈЕ

| Број 16 | Година III | 17.11.2010г. |

Бесплатен примерок



## ОТВОРЕНА КАНЦЕЛАРИЈА НА ГРАД СКОПЈЕ И НА ЗЕЛС ВО БРИСЕЛ



## ШЕСТ НОВИ КАМИОНИ ЗА СМЕТ ЗА ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“

# КРУЖЕН ТЕК



Кружен тек наскоро ќе ја замени постојната крстосница меѓу улиците Ѓорче Петров, Воин Драшкоци и Радушка во општината Ѓорче Петров. Изградбата на кружната крстосница почна на 6 октомври, а деновиве екипите на Градот Скопје работат на десниот крак од вкрстувањето, односно кон улицата Радушка. Во овој дел улицата Ѓорче Петров ќе се прошири, а ќе се изградат и тротоар и велосипедска патека широки по 1,5 метри.

Изградбата потоа ќе продолжи на наредниот крак, се додека не се завршат сите четири краци од раскрсницата. Средишниот дел од кружниот тек ќе се гради последен. На сите краци ќе се направи бетонска заштита на подземната инсталација и ќе се постави нова атмосферска канализација со профил од 300 милиметри. Одведувањето на атмосферските води ќе се овозможи со изведба на вертикални сливници. По должината на новоформираниот коловоз ќе се поставаат рабници, површината ќе се тампонира и ќе се покрие со нов асфалтен слој со дебелина од 19 сантиметри.

Според проектот, кружниот тек ќе се формира на ниво на постојниот коловоз. Новата кружна крстосница ќе овозможи поголема проточност на возила, без задржување на семафор. Сообраќајот ќе се одвива по принципот вртење налево. Со тоа ќе се зголеми и безбедноста во сообраќајот. Во рамките на проектот за изградба на кружниот тек ќе се уредат и прошират влезовите во трите улици Ѓорче Петров, Воин Драшкоци и Радушка.

- Изградбата на кружниот тек меѓу улиците Ѓорче Петров, Воин Драшкоци и Радушка во голема мера ќе го намали сообраќајниот метеж што се создава во овој дел на градот. На оваа делница сега се создаваат големи редици возила што се движат кон излезот на Скопје, во правец кон Тетово. На терен ќе работат екипите на градежната компанија „Пелагонија – Гостивар“. За изградба на овој капитален сообраќаен објект Градот Скопје ќе потроши околу 8,2 милиони денари – рече градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на почетокот на градежните работи на кружниот тек во Ѓорче Петров.

Капитални инвестиции на Градот Скопје

# ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

## РЕШЕНИЕ ЗА СООБРАЌАЈНИОТ МЕТЕЖ



# ШЕСТ НОВИ КАМИОНИ ЗА СМЕТ



# ЗА ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“

Градот Скопје набави шест нови специјализирани возила за собирање смет што ќе ја зголемат ефикасноста на ЈП „Комунална хигиена“. Новите камиони се со зафатнина од 20 кубни метри, со вграден систем за подигнување и празнење контејнери со капацитет од 1,1 кубни метри и канти од 120 литри. Постои можност и за автоматско и рачно управување на циклусот на работа.

Новите возила на 21 октомври ги промовираа градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, директорот на ЈП „Комунална хигиена“, Ракип Дочи и министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиески.

- Градот Скопје за потребите на ЈП „Комунална хигиена“ лани набави 6 камиони со зафатнина од 15 кубни метри, а денеска имаме промоција на новите 6 камиони со зафатнина од 20 кубни метри. До март 2011 година ќе набавиме уште 20 нови камиони. Со замената на старите камиони коишто многу често остануваат во дефект со нови и најсовремени камиони ќе се подобри јавната хигиена во градот - изјави градоначалникот Трајановски.

Возилата се од марката Mercedes-Benz, модел ATRIK AP MAK AU, Еуро 3 стандард, со мотор со моќност од 320 КС. Цената на едно комунално возило со ДДВ е околу 8 милиони денари. Цената на сите шест возила со ДДВ е околу 50 милиони денари. Камионите ќе се отплаќаат на 6 еднакви рати.





# ПРЕДАДЕНА ВО УПОТРЕБА РЕКОНСТРУИРАНАТА УЛИЦА БЛАГОЈА СТЕФКОВСКИ



Улицата Благоја Стефковски, во населбата Маџари, минатиот месец доби нов асфалт во должина од 800 метри, на потегот од влезот во Маџари до надвозникот кон населбата Ченто. Коловозот на оваа улица беше многу оштетен и со години создаваше проблеми во одвивањето на сообраќајот. Со реконструкцијата на оваа делница значително се зголеми безбедноста за сите учесници во сообраќајот.

Во акцијата за реконструкција постојниот асфалтно-бетонски коловоз беше раскопан и беше поставена атмосферска канализација со профил од 800 милиметри, во должина од 565 метри. Потоа, на коловозот беше нанесен тампонски слој и нов асфалт со дебелина од 15 сантиметри. За реконструкцијата на предвидените 800 метри од улицата Благоја Стефковски Градот Скопје потроши околу 26 милиони денари. На терен работеа екипите на градежната фирма „Бауер БГ“.

По должината на реконструираната улица се поставени рабници и се формирани тротоари со широчина од 2 метри.



# НОВА ПЕШАЧКА ПАТЕКА ПО ДОЛЖИНАТА НА **БУЛЕВАРОТ НИКОЛА КАРЕВ**

Нова пешачка и велосипедска патека ги поврза поликлиниката „Битпазар“ и хотелот „Континентал“ по должината на булеварот Никола Карев. Патеката е долга 350 метри и е покриена со асфалт.

По должината на булеварот Никола Карев изминатиот месец беше направен машински ископ на земја, теренот беше тампониран и асфалтиран. Во наредниве денови екипите на ЈП„Улици и патишта“ коишто работат на изградба на тротоарите ќе се префрлат на другата страна од булеварот каде што исто така ќе се гради пешачка патека. За изградба на патеката Градот Скопје потроши 1,5 милиони денари. Тротоарот е широк 2,5 метри.

Нова пешачка патека е изградена и на потегот од крстосницата на булеварот Никола Карев со булеварот Македонско-косовска бригада во насока кон зградата на Американската амбасада, во должина од 402 метри. Патеката е широка 4,7 метри и е покриена со асфалт. За изградба на тротоарот Градот Скопје издвои околу 1,5 милиони денари.

# СЕ ПОСТАВУВААТ СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ НА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ



Екипите на ЈП „Улици и патишта“ деновиве обновија 47 сообраќајни знаци на повеќе улици и булевари во градот. Во акцијата се поставени 15 нови знаци, а преостанатите се поправени.

Вертикалната сообраќајна сигнализација е обновена на булеварите Свети Климент Охридски и Илинден, на улиците Митрополит Теодосиј Гологанов, Благоја Стефковски, 13 Ноември, Пролет и Мито Хаџивасилев Јасмин, како и на раскрсницата на булеварот Партизански одреди со улицата Ѓорче Петров и на раскрсницата на булеварите 3.Македонска бригада и Србија.

На овие сообраќајници се обележани и пешачки премини, стрелки и места резервирани за паркирање возила на инвалидизирани лица, со жолта и со бела боја.

Градот Скопје и Заедницата на единици на локална самоуправа (ЗЕЛС) на 28 октомври отворија заедничка канцеларија во седиштето на Европската унија, Брисел. Отворањето на Канцеларијата е чекор што ќе овозможи навремено информирање за европските фондови за локална самоуправа, претставување и застапување на локалните власти пред институциите на ЕУ, лобирање за користење на фондовите и друга помош потребна на локалните самоуправи, црпење искуства и друго.

- *Со отворањето на оваа Канцеларија очекуваме директна и непосредна комуникација со телата на Европската унија, да лобираме и обезбедиме поддршка за проектите на Град Скопје и на другите општини, како и да воспоставиме поблиска соработка со градовите и регионите коишто веќе со години имаат свои претставници во Брисел* - рече градоначалникот Коце Трајановски.



# ОТВОРЕНА КАНЦЕЛАРИЈА НА ГРАД СКОПЈЕ И НА ЗЕЛС ВО БРИСЕЛ

Тој нагласи дека изградбата на водовод во населбите Шуто Оризари, Ченто и Нерези и реновирањето и користењето алтернативни извори на електрична енергија во училиштата се меѓу приоритетните проекти за коишто Канцеларијата на Град Скопје во Брисел ќе аплицира за средства од европските фондови.

Канцеларијата се наоѓа во зградата на Советот на европски општини и региони (ЦЕМР), во којшто ЗЕЛС членува од 2004 година. Зградата е на улицата Square de Meeûs 1, 1000 Brussels, во близина на Европскиот парламент и во неа имаат канцеларии 230 општини. Трошоците за изнајмување на просторот во којшто ќе биде сместена Канцеларијата Град Скопје и ЗЕЛС ќе ги делат по половина.

На отворањето на Канцеларијата на Град Скопје и на ЗЕЛС во Брисел присуствуваа и премиерот Никола Груевски, вицепремиерот Васко Наумовски, министерот за надворешни работи на РМ, Антонио Милошоски, двајцата потпретседатели на ЗЕЛС, Изет Меџити и Зоран Дамјановски, како и повеќе градоначалници од општините во земјава.



# ПОДИГНАТИ ШАХТИТЕ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ



Екипи на Градот Скопје деновиве работеа на подигање на канализациските шахти на улиците и на булеварите во централното градско подрачје. Постојните шахти во центарот на градот беа подигнати на улиците Васил Аџиларски, Бихаќска, Пролет кај „Тутунски комбинат“ и на булеварите Свети Климент Охридски, Кузман Јосифовски Питу, Гоце Делчев, ВМРО и Даме Груев.

Подигањето на канализациските шахти од тежок тип на ниво на коловозите е во функција на зголемување на безбедноста и овозможување побрз проток на сообраќајот на улиците и на булеварите.

## ЗАВРШИ ПРВАТА СЕЗОНА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ

Првата сезона на проектот за изнајмување велосипеди на Град Скопје под мотото „ОСТАВИ ГО АВТОМОБИЛОТ, ВОЗИ ВЕЛОСИПЕД“, заврши на 31 октомври. Во првата сезона на проектот скопјани можеа да изнајмуваат велосипеди од трите пункта во градот, на јавното паркиралиште „Треска“, на плоштадот „Македонија“ и пред трговскиот центар „Бисер“.

Во првата фаза од овој проект на Град Скопје, реализиран од ЈП „Градски паркинг“, велосипед за 10 денари изнајмиле вкупно 7.698 граѓани, од пунктот на плоштадот „Македонија“ 5.031, од ТЦ „Бисер“ 1.742 и од паркиралиштето кај „Треска“ 925 граѓани.

Пунктовите за изнајмување велосипеди повторно ќе бидат отворени напролет, кога ќе го дозволат тоа временските услови. Бројот на постојки/станици на коишто ќе може да се изнајми велосипед, во иднина се очекува да се зголеми, во зависност од заинтересираноста на граѓаните.

# ПРОДОЛЖУВА ПОСТАВУВАЊЕТО ЗАШТИТНИ СТОЛПЧИЊА

На тротоарот пред објектот на поштата на булеварот ВМРО деновиве беа поставени 90 столпчиња. Столпчињата се метални и треба да ја зголемат безбедноста на пешаците коишто го користат овој потег.

Деновиве се поставени пет заштитни столпчиња и на булеварот 8.Септември, а на улицата Мито Хаџивасилев-Јасмин се наместени уште шест столпчиња.

Градот Скопје ќе ја продолжи оваа активност за да се спречи паркирањето моторни возила на јавните површини и за да се зголеми безбедноста на пешаците. На терен работат екипите на ЈП „Улици и патишта“.



# ЧЕТВРТ ЦИКЛУС ПОСЕТИ НА СКОПСКИТЕ ОПШТИНИ



Во периодот од 1 до 15 ноември градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, ги посети сите десет општини на територијата на Скопје и се сретна со своите колеги градоначалници и со претставниците на општинските администрации. Овие посети имаат цел да се разгледаат проблемите на граѓаните и да се евалуираат резултатите од претходните средби. На средбите присуствуваа директорите на јавните градски претпријатија и претставници на администрацијата на Градот Скопје. Претставниците на општинските администрации имаа можност да доставуваат предлози и проекти што се во надлежност на градот, а се наоѓаат на подрачјето на соодветната општина, односно да учествуваат во составувањето на буџетот на Град Скопје за 2011 година.

За време на посетата на општината Гази Баба, градоначалникот Трајановски ги презентираше проектите што се реализирани во 2010 година, како реконструкцијата на улицата Благоја Стефковски, изградбата на тротоари во селото Трубарево, изградбата на ролерско-велосипедски патеки на Вардар и други значајни проекти.

Во општината Центар Градоначалникот Трајановски како реализирани проекти во 2010 година ги наведе булеварот Илинден, реконструкцијата на улиците Ацо Караманов и Васил Ѓоргов, а како најголем проект за 2011 година го најави почнувањето на проширувањето на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов.

Во општината Чаир како најголеми барања до Град Скопје беа наведени дислокацијата на седиштето на ЈП „Комунална хигиена", проширувањето на булеварот Цветан Димов, како и продолжување на одличната соработка со Градот Скопје околу проектите поврзани со Старата скопска чаршија.

Во општината Кисела Вода, како најголем проект за 2011 година беше најавен почетокот на проширувањето на улицата Првомајска од Рампа до Расадник, а како реализирани проекти за 2010 година беа наведени реконструкцијата на дел од улица Првомајска, на делот од населба Пинтија до мостот кај Маркова река, како и реконструкцијата на улицата Иван Козаров.

Градоначалникот на општината Карпош, Стевче Јакимовски ја нагласи одличната соработка којашто ја има со Градот Скопје и со јавните претпријатија. За наредната 2011 година на подрачјето на општината Карпош се планира проширувањето на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов од Католичката црква до студентскиот дом „Гоце Делчев", целосна реконструкција на улицата Козле, како и почеток на изградбата на ролерско – велосипедска патека од левата страна на реката Вардар.

Во општината Ѓорѓе Петров за наредната 2011 година, градоначалникот Трајановски најави завршување на работите на булеварот Македонска војска, продолжување на работите околу уредувањето на кејот на Вардар, како и инвестирање во изградба на водоводни, атмосферски и фекални мрежи.

За време на посетата на општина Бутел, градоначалникот Петре Латиновски посочи дека соработката со Градот и со јавните претпријатија е на високо ниво и треба да продолжи да се развива во таа насока. Како работи коишто треба да се спроведат во наредната 2011 година, тој побара поголем број на измени на автобуските линии на ЈСП, поголем број контејнери и индивидуални канти за собирање на сметот.

Најголемиот број барања од општината Шуто Оризари до Градот Скопје беа во насока на подобрување на комуналната хигиена и водоснабдувањето на одредени делови на општината.

Како најголем проект за 2011 година коишто Градот Скопје ќе го реализира на подрачјето на општината Сарај е изградбата на нов мост на реката Вардар, реконструкција на улицата Свиларе, како и продолжувањето на проектите за ревитализација на езерото „Треска", за што во Буџетот за 2011 година се предвидени 30 милиони денари.



# ОТВОРЕНО НОВО ПАРКИРАЛИШТЕ КАЈ МТВ



Градот Скопје на почетокот на овој месец уреди ново паркиралиште пред зградата на Македонската радио телевизија, од страната на МВР. На овој паркинг може да се паркираат вкупно 130 возила, а паркирањето ќе чини 25 денари за час, со неограничено задржување.

- На овој простор долго време граѓаните коишто имаа потреба од услугите на МВР имаа проблем при паркирањето. Површината на паркингот е 2.800 квадратни метри и на него ќе може да се паркираат вкупно 130 возила. Со пуштањето на овој паркинг ќе се намалат проблемите на граѓаните со паркирањето на овој дел од градот - изјави градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на промоцијата на новото паркиралиште.

Уредувањето на просторот се одвиваше во неколку фази, најпрво се изведуваа земјани работи, потоа се валираше постелката и се нанесе тампонски слој од толчаник. Потоа, површината на паркингот беше асфалтирана со асфалтен слој БНС-16 со дебелина од 8 сантиметри. За целосно асфалтирање на паркингот и на тротоарите околу него се потрошени вкупно 630 тони асфалт. Просторот е обрабен со големи рабници со вкупна должина од 230 метри. Изведена е и атмосферска канализација, односно поставени се сливници за вода и решетки.

Градот Скопје за уредување на овој паркинг од Буџетот издвои околу 3,5 милиони денари, а работите на терен ги изведуваше ЈП„Улици и патишта“.

# ЗАВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ДЕЛ ОД УЛИЦАТА 4.ЈУЛИ

Дел од улицата 4.Јули во општината Ѓорче Петров, на потегот од објектот на Геријатрија во насока кон црквата „Свети Петар и Павле“ минатиот месец доби нов асфалт. Делот од сообраќајницата се реконструираше во должина од 240 метри. Коловозот е широк 9 метри.

Оштетениот и дотраен асфалт е изгребен на длабочина од 5 сантиметри и е нанесен нов асфалтен слој. За обнова на овој потег од улицата 4.Јули се потрошени околу 270 тони асфалт. Реконструирана е и крстосницата пред објектот на Геријатрија.

На реконструкција на коловозот на дел од улицата 4.Јули работеа екипите на градежната компанија „Пелагонија -Гостивар“.





# СКОПЈЕ ГО ПРОСЛАВИ ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО



Доделувањето на наградите „13 Ноември", отворањето на изложбата на уметнички дела од Меѓународната ликовна колонија „Скопје 2010", концертот на Мандолинскиот оркестар „Скопје", велосипедската и атлетска трка по градските улици, боксерската манифестација „Златен гонг", 37.Традиционален кајакарски спуст по Вардар, Меѓународниот шаховски турнир на слепи и лица со оштетен вид, планинарската тура на студентите „Водно 2010", 14. Шаховски турнир на пензионерите на Скопје и манифестацијата „Го градам својот град" беа само дел од настаните со коишто Скопје го прослави 13 Ноември – Денот на ослободувањето.

Делегација на Градот Скопје, предводена од градоначалникот Коце Трајановски и од претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева, на 13 Ноември положија цвеќиња пред Споменикот на ослободителите, во рамките на централното одбележување на Денот на ослободувањето на Скопје. Пред Споменикот на ослободителите венци од цвеќиња положија и претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, делегација на Собранието на РМ, делегација од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, претставници на Сојузот на борци на Република Македонија, претставници од политички партии, претставници од дипломатскиот кор, делегација од ЗЕЛС, делегации од скопските општини, од Црвениот крст на Град Скопје и од други организации и граѓани.

- На денешен ден се навршуваат 66 години од денот кога, во далечната 1944 година, жителите на Скопје ја дочекаа и славеа победата. Тука сме уште еднаш, да ја оддадеме нашата длабока почит за сите оние што го дадоа својот живот за слободата на градот и за сите оние прежи-



веани борци, коишто пред нас и овој пат сведочат за еден од најсветлите денови од историјата на нашиот град. Од моментот на неговото ослободување па се до денес, Скопје континуирано се гради и развива. Никнуваат нови станбени населби, улици и булевари, нови неопходни институции којшто го следат развојот на градот, нови урбани простори и оплеменети градски места. Скопје со својот економски, образовен, научен и културен капацитет, како главен град на Република Македонија, има огромно значење и одговорност за вкупниот напредок на нашава земја и за нејзината заложба за рамноправно членство во Евро-атлантските интеграции - изјави градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, во неговото обраќање пред Споменикот на ослободителите.

Во чест на 13 Ноември цвеќе беше положено и на партизанските гробишта во Бутел и пред споменикот на генерал Михајло Апостолски. Претходно, Градоначалникот Трајановски се сретна со борците коишто учествувале во акцијата за ослободување на градот.

## НАЈМЛАДИТЕ ГО ГРАДЕА СВОЈОТ ГРАД

Детскиот културен центар „Карпош“ и годинава, традиционално ја организира манифестацијата „ГО ГРАДАМ СВОЈОТ ГРАД“ за предучилишните установи, а во чест на градот Скопје. Оваа манифестација има за цел да ги истакне детските творечки способности, детската креативност и опширно да ги запознае децата со празнувањето на 13 Ноември и неговото значење за градот во којшто живеат.



## ВРАЧЕНИ НАГРАДИТЕ „13 НОЕМВРИ“



Одборот за доделување на наградата „13 Ноември“ на Град Скопје годинава наградата за значајни остварувања што претставуваат посебен придонес за развојот на Градот Скопје и за неговиот севкупен напредок и афирмација во Република Македонија ја додели на Фестивалот на детска песна „ЗЛАТНО СЛАВЕЈЧЕ“ – за долгогодишна културна и уметничка активност. Наградата „13 Ноември“ на Град Скопје, годинава ја добија и поединци и група творци меѓу кои: Дејан Лилиќ –за долгогодишно остварување во областа на театарската уметност, проф. д-р Димитар Ќорнаков – за монографиите: Македонски манастири, Царски двери и Македонска резба, проф. Зорица Каракутовска – за долгогодишни остварувања во областа на образованието и воспитувањето, проф. д-р Илија Џонов - за долгогодишна научноистражувачка дејност во областа на здравството, Јордан Цеков – Дане - за монографијата „Како беше ослободено Скопје“, проф. д-р Љупчо Ајдински - за врвни научни достигнувања во хуманитарната дејност, Мирче Јанушевски - за постигнати врвни резултати во спортот на ученици и на студенти и Сашка Грујовска – ученик во трета година во СУГС „Георги Димитров“ за континуиран одличен успех и активно учество во наставните и воннаставните активности и постигнати резултати на меѓународни, републички и регионални натпревари по математика и по физика.

Како знак на општествено признание за посебен придонес во унапредувањето на меѓународната соработка за развој и афирмација на Градот Скопје, Наградата „13 Ноември“ на Град Скопје во 2010 година и беше доделена на проф. д-р Гертрауд Милер од Сојузна Република Германија.





ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИТЕ ЗА НАЈДОБРИ СПОРТИСТИ И СПОРТСКИ РАБОТНИЦИ







*„Низ улиците на Скопје“ е името на двете ноќни трки, велосипедска и атлетска, што се одржаа на 13 Ноември.*

# РУСКИОТ БОКСЕР МАКСИМ ГАЗИЗОВ ПОБЕДНИК НА 40-ОТ „ЗЛАТЕН ГОНГ“





Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, во Спортскиот центар „Борис Трајковски“, свечено му го врачи Златниот гонг на рускиот боксер Максим Газизов, победникот на 40-от јубилеен Меѓународен боксерски турнир „Златен гонг 2010“.

Газизов го освои трофејот „Златен гонг“, за најуспешен боксер на турнирот, откако во категоријата до 75 килограми со 5:0 го победи кубанскиот претставник Емилиоކореа во најатрактивната од десетте финални борби што се одржаа во Спортската сала „Борис Трајковски“.



14. ШАХОВСКИ ТУРНИР НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА СКОПЈЕ




ПЛАНИНАРСКА ТУРА НА СТУДЕНТИТЕ „ВОДНО 2010“

# АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА БУЛЕВАРОТ МАКЕДОНСКА ВОЈСКА



Екипите на Градот Скопје поставуваат атмосферска канализација по трасата на вториот дел од булеварот Македонска војска, којшто се пробива во населбата Ѓорче Петров. Канализацијата ќе биде долга 280 метри. Ќе минува под коловозот на новоизградениот булевар, во два дела, од крстосницата на булеварот Македонска војска со улицата Ѓорче Петров до изливот во Вардар и од Стадионот во Ѓорче Петров до изливот во Вардар.

Атмосферската канализација на вториот дел од булеварот Македонска војска ќе биде со различен профил од 300 до 500 милиметри и со PVC цевки. Ќе бидат изведени 28 ревизиони шахти и три приклучоци на постојната канализација.

За изградба на оваа атмосферска канализација Градот Скопје ќе потроши околу 4 милиони денари, пари што се во рамки на предвидената финансиска конструкција за пробивање и за изградба на булеварот Македонска војска. На терен работат екипите на градежната компанија „Гранит“.

# АСФАЛТИРАН ЛОКАЛЕН ПАТ ВО ВИЗБЕГОВО



Во соработка меѓу Градот Скопје и општината Бутел деновиве беше асфалтиран локален пат во населеното место Визбегово. Патот е долг 900 метри. За неговата изградба се потрошени дванаесет милиони денари од коишто Градот Скопје покрива 50 насто, а 50 насто се средства на општината Бутел.

- Изградбата на овој пат значително ќе го подобри квалитетот на живеење во Визбегово. Реализацијата на овој заеднички проект на Град Скопје и на општина Бутел е инициран од квалитетниот соживот во ова населено место, што воедно е и доказ дека со заеднички сили може успешно да се надминат сите проблеми - истакна градоначалникот Коце Трајановски.

При изградбата на патот е поставено и ново улично осветлување.



# ПОРИБЕНИ ВОДИТЕ НА ЕЗЕРОТО МАТКА



Водите на езерото Матка кон крајот на минатиот месец беа порибени со околу 8.000 парчиња македонска ендемична пастрмка Salmo macedonikus /Karaman, 1924/. Целта на проектот за порибување е да се овозможи заштита на македонската пастрмка и да се зголеми бројноста на нејзината популација во водите на реката Треска, вклучувајќи ги и акумулациите Матка, Света Петка и Козјак.

- Градот Скопје ги поддржува активностите предвидени со проектот за заштита и реинтродукција на македонската ендемична пастрмка во водите на Македонија, со посебен акцент на водите на езерото Матка и реките Треска и Вардар на територијата на градот Скопје. Денеска во водите на езерото пуштивме околу 8.000 парчиња пастрмка Salmo macedonikus и ова е второ порибување на Матка. Ефектите од порибувањето со ендемична пастрмка веќе се видливи и имаме информации дека пастрмките што минатата година ги пуштивме во водите на езерото Матка се приспособиле на овдешните услови – нагласи градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

Главен финансиер на проектот за порибување е ГЕФ (Глобален еколошки фонд) којшто учествува во финансирањето со 50 насто од средствата, односно со 40.000 американски долари. На порибувањето на езерото Матка присуствуваше и директорот на Агенцијата за млади и спорт, Диме Спасов, координаторот на ГЕФ, Влатко Самарџиев и претставници од Македонската риболовна федерација, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот земјоделски инспекторат, Министерството за животна средина и просторно планирање и од Градот Скопје.

СТАВ



# МОЖЕМЕ И МОРАМЕ ПОВЕЌЕ

*Пишува* **Ќемал Муслиу**

Советничката група на ДУИ, којашто во Советот на Град Скопје има 5 советника, како коалиционен партнер на ВМРО-ДПМНЕ, својата работа ја базира на програмските определби што беа презентирани пред граѓаните на Скопје за време на предизборните активности. Може да се каже дека во овој период Советот на Градот и Градоначалникот на Скопје, работеа напорно и многу конструктивно и како резултат на тоа беа реализирани многу проекти од големо значење за граѓаните на Скопје во сферата на урбанизмот, комуналните дејности, сообраќајот, образованието, културата итн.

Дел од овие проекти Град Скопје ги реализираше и во средините со мешан национален состав. Посебно сакам да ги истакнам следните: капиталниот сообраќаен проект „Детелинка" на Бит Пазар, изградбата на атмосферска канализација на улицата Христијан Тодоровски Карпош, целосното асфалтирање на улиците Кемал Сејфула и Ферид Бајрам, проектите за ревитализација на Старата скопска чаршија, поставувањето тројазични сообраќајни патокази (на македонски, албански и англиски јазик) низ целата територија на Градот (неговото завршување се очекува до крајот на ноември), асфалтирањето на неколку локални улици во општините Бутел, Шуто Оризари и Сарај. Во наредниот период ќе почне реализацијата на проектот за изградба на мост на реката Вардар кај Сарај, што е особено значаен проект. Ќе следуваат и изградбата на водоводна, фекална и атмосферска канализација во локалитетот Дуќанџик; осветлување и уредување на патеките на левата страна на реката Вардар и многу други проекти предложени од советничката група на ДУИ.

Во овој контекст морам да потенцирам дека улицата Цветан Димов е тесно грло за нормално одвивање на сообраќајот, што претставува голем проблем за граѓаните од општините Бутел, Шуто Оризари и Чаир. За таа цел, доколку сообраќајните услови тоа го дозволуваат, потребно е да се изврши нејзино проширување, во спротивно да се разгледа можноста за реконструкција и проширување на улицата Македонско-косовска бригада, со што ќе се растовари од сообраќај улицата Цветан Димов, а убеден сум дека Градот Скопје финансиски ќе ја помогне реализацијата на проектот на општина Чаир „Плоштад Скендербег".

Во образованието се покажаа забележителни и добри резултати. За прв пат при уписот на Албанците во средно образование, како резултат на дефинираните потреби во подготовка на конкурсите за упис, немаше проблеми. За целосно да се реши проблемот со уписот на средношколците Албанци, потребно е Градот Скопје во соработка со Министерството за образование и наука да обезбедат финансиска конструкција за изградба на нов објект за средно медицинско училиште или пак да се прошири Средното медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов", со што би се добиле нови 15 до 16 училници.

Културата во овој период зазеде значајно место во нашите активности. Радува фактот што културните установи, полека но сигурно, почнаа да реализираат мултикултурни проекти, а треба да се потенцира и фактот дека Град Скопје оваа година финансираше 22 проекти, коишто во суштина го развиваат и негуваат културното богатство на Албанците.

Иако прашањето за употреба на јазиците е регулирано со закон, со статутите на Градот Скопје, јавните претпријатија и установи, во нивната имплементација постојат одредени проблеми. Зачудува фактот што во некои претпријатија и установи, ова прашање го сведуваат само на преведување на материјалите за седниците на нивните управни одбори. Затоа е потребно Градоначалникот и Советот на Град Скопје да се залагаат за доследно спроведување на позитивните законски прописи од оваа област.

Посебен проблем претставува правичната застапеност на етничките заедници. Процентот од 4 насто вработени Албанци во градската администрација е многу мал, а изјавите на некои директори на јавните установи од типот „Кај мене нема вработен ниту еден Албанец" се навредливи и потценувачки. Од друга страна, националната структура во јавните претпријатија е задоволувачка, со тоа што мал е бројот на Албанците коишто работат во нивната администрација. Овој проблем е доста сложен и затоа бара итно и квалитетно решавање.

Од сето наведено, можам да резимирам дека од почетокот на функционирање на овој состав на Советот на Град Скоје и актуелниот Градоначалник, со напорна работа и залагање, постигнати се задоволителни резултати, а со реализација на идните планирани проекти, верувам дека ќе ги оствариме очекувањата на нашите граѓани. Во наредниот период ќе се залагаме реализираните проекти да бидат на општо задоволство на сите граѓани на Град Скопје, без оглед на нивната етничка и верска припадност.

Затоа верувам дека ние можеме и мораме повеќе да направиме, за нашите граѓани.

Авторот е координатор на советничката група на ДУИ во Советот на Град Скопје

# ДОНЕСЕНА ОДЛУКА ЗА АВТО–ТАКСИ ПРЕВОЗ

Советот на Град Скопје на својата триесетта седница ја донесе Одлуката за автотакси превоз на патници во Скопје со што конечно почнува воспоставувањето ред во оваа дејност. Со оваа одлука детално се утврдуваат сите аспекти на такси превозот во Скопје, како локацијата и капацитетите корпи за отпадоци и со друга опрема, а за нивното обележување, опремување и одржување ќе биде задолжен Градот Скопје. Во одлуката е прецизиран и начинот на којшто такси–возилата ќе ги користат такси-станиците, како и максимално утврдениот број возила за секое стојалиште одделно.




на такси-станиците, обележувањето, опремувањето и начинот на нивно користење, бојата на такси-возилата, тарифата за такси превоз, максималниот број такси-возила во Скопје, како и други аспекти од оваа проблематика.

Со одлуката се предвидува да се обележат и опремат 152 такси-стојалишта (станици) коишто ќе бидат достапни за користење за сите лиценцирани такси-возила. Станиците ќе бидат опремени со

Со оваа одлука се утврдува максималниот број такси-возила во Скопје, којшто се ограничува на 3.000 возила, со можност овој број да се зголеми со дополнителни 300 возила, доколку истите се еколошки такси-возила со ниска емисија на штетни издувни гасови. Со одлуката се регулира и унифицира изгледот на такси-возилата, при што сите ќе бидат со иста боја, а таблите ќе бидат со унифициран изглед и димензии.

# ГРАДОТ СКОПЈЕ

## ЌЕ ГРАДИ ДВЕ КАТНИ ГАРАЖИ

Градот Скопје ги продолжува активностите за решавање на проблемот со паркирање во централното градско подрачје. Со две одлуки на Советот на Град Скопје е одобрен проектот за изградба на две катни гаражи во центарот на градот со што ќе се обезбедат паркинг-места за над 1.100 возила, како и задолжувањето на Градот Скопје пред комерцијални банки за нивната реализација.

Првата катна гаража („ДАМЕ ГРУЕВ“) ќе биде со капацитет од околу 602 паркинг-места, распоредени на 7 нивоа над земја, приземје и 2 нивоа под земја. Од нив 4.890 квадратни метри се наменети за деловен простор.

Втората катна гаража („ЦВЕТЕН ПАЗАР“) ќе биде со капацитет од околу 505 возила, распоредени на 7 нивоа над земја, приземје и 2 нивоа под земја, како и деловен простор со површина од 1.730 квадратни метри.

Изградбата на двете катни гаражи ќе чини 19 милиони евра, пари што ќе бидат обезбедени од Буџетот на Град Скопје, од продажба на деловниот простор, како и преку кредитно задолжување на Град Скопје пред комерцијални банки. Оваа инвестиција е финансиски оправдана, бидејќи доколку искористеноста на паркингот е 60 проценти, катната гаража „Даме Груев“ ќе ја врати инвестицијата во период од 6 години, а катната гаража „Цветен пазар“ тоа ќе го направи за период од 5,2 години.

Двете катни гаражи треба да бидат изградени до крајот на 2012 година.

„СКОПЈЕ“
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на: 10 декември 2008

Главен и одговорен уредник
Неделчо Крстевски

Редакција
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

Уредник на фотографија
Радомир Јовановиќ-Рацо

Лектор
Лидија Антоновска

ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ
за издавачот
Градоначалник
Коце Трајановски
Булевар Илинден 66

Телефони
02 3297 255

меил-адреса
gragjani@skopje.gov.mk

Дизајн
Европа 92 - Кочани

# НОВА ЖАРДИНИЕРА НА БУЛЕВАРОТ ЈАНЕ САНДАНСКИ



*Екипи на Градот Скопје деновиве изградија жардиниера во средишниот дел на булеварот Јане Сандански, на потегот од трговскиот центар „Бисер“ до крстосницата со булеварот Србија. Жардиниерата е долга километар, а е изградена од монтажни армирано-бетонски елементи. Жардиниерата ќе се полни со земја, ќе биде поставен систем за наводнување капка по капка и ќе се уреди зеленилото. На терен работеа екипите на градежната фабрика „Карпош“.*

## СЕ СЕЧАТ ТОПОЛИТЕ НА БУЛЕВАРОТ СРБИЈА

По должината на булеварот Србија екипи на Градот Скопје исекоа 15 суви стебла на тополи. Стеблата се претходно проверени и обележени од претставници на Секторот за комунални работи на Град Скопје. Акцијата ќе продолжи и натаму и на терен ќе се работи етапно се додека не бидат исечени сите обележани стебла.

На булеварот Србија во текот на годинава се исечени 150 стари, заболени и накосени тополи од дрворедите. Поради плиткиот корен и високиот раст на тополите постои опасност тие да паднат и да предизвикаат несакани последици. Отстранувањето на стеблата треба да ја зголеми безбедноста на минувачите и да го заштити здравјето на граѓаните коишто имаат алергиски реакции во сезоната на цветањето на тополите.

На местото на исечените тополи екипите на ЈП „Паркови и зеленило“ ќе засадат нови листопадни садници.



## ГРАДОТ СКОПЈЕ ЌЕ ДОДЕЛИ 3.000 САДНИЦИ

Во традиционалната есенска акција за доделување садници до Градот Скопје пристигнаа 309 барања од заинтересираните урбани и месни заедници, здравствени, културни, образовни и јавни установи. Од вкупниот број барања, куќните совети поднесоа 112 барања, урбаните и месните заедници – 67, а од установите пристигнаа – 130 барања за есенски садници.

Во оваа есенска акција ќе се доделат 3 000 садници, листопадни и зимзелени дрвца, како и грмушки. Откако ќе им се одобри барањето, заинтересираните субјекти ќе може да ги подигнат садниците во просториите на ЈП „Паркови и зеленило“, во расадникот „Парк“.

Градот Скопје годинава за реализација на пролетното и на есенското садење издвои вкупно 2 милиона денари. Акцијата за доделување садници ќе продолжи и напролет.

Во парк-шумата Гази Баба





# ИЗГРАДЕНИ ТРИ ВИДИКОВЦИ И ПЛАНИНАРСКА КУЌИЧКА

Три видиковци и една планинарска куќичка во изминативов период беа изградени во парк-шумата Гази Баба. Поставени беа и единаесет комплети маси со клупи и три информативни табли на влезовите во карактеристичниот пејзаж. Поставената урбана опрема ги збогати содржините во овој омилен рекреативен локалитет за скопјани. По налог на Град Скопје на терен работеа екипи на ЈП „Паркови и зеленило“.

Карактеристичниот пејзаж на Гази Баба, поради своите природни и рекреативни вредности, има исклучително значење за Скопје и за неговите жители. Градот Скопје во 1998 година го прогласи овој локалитет за заштитено подрачје, а управувањето, уредувањето и заштитата се регулирани со посебна планска документација.

Редовното одржување го спроведува ЈП „Паркови и зеленило“ во рамките на годишните програми за одржување на јавното зеленило на подрачјето на Градот Скопје.





Во Градскиот парк



# НОВИ ЗАБАВНИ СОДРЖИНИ ЗА НАЈМЛАДИТЕ

На простор од 200 квадратни метри екипи на Градот Скопје минатиот месец изградија две детски катчиња во првиот дел на Градскиот парк. Катчињата се шарени со интензивни бои и со многу интересни содржини за игра за деца до 12 години. Тие содржат 3 лизгалки, 2 лулашки, 2 минијатурни коси пластични патеки за планинарење, скали за качување и други сегменти коишто на децата ќе им бидат забавни, но се корисни и за нивниот психофизички развој.

Едното од катчињата е со шестоаголна, а другото е со четириаголна форма. Игралиштето каде што се поставени катчињата е со подлога од ситен песок, што им овозможува на децата безбедно користење на поставените елементи. Елементите се изработени од пластични и од дрвени материјали во неколку бои.

Градот Скопје за реализација на овој проект од својот буџет издвои 350.000 денари.



Во чест на Тоше Проески

# УЛТРАМАРАТОНЦИТЕ И ВО СКОПЈЕ




Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на 18 октомври на плоштадот „Македонија" ги пречека 16-те македонски маратонци што учествуваа во традиционалниот Ултрамаратон во чест на Тодор Проески-Тоше. Трасата што ја трчаа маратонците е со должина од 1.100 километри, од Нова Градишка, Република Хрватска, местото на несреќата каде што загина Тоше, до неговото родно Крушево.

Маратонците, во знак на благодарност за поддршката што им ја дава Градот Скопје на сите што учествуваат во оваа спортска манифестација, на градоначалникот Трајановски му врачија плакета и маичка со ликот на Тоше.

- Целта на маратонот е да го истрчаме патот на којшто замина Тоше пред три години, и никогаш повеќе не се врати, но во обратен правец и симболично да го вратиме духот на Тоше Проески во неговото Крушево. Ултрамаратонот трае околу 100 часа и за овие неколку денови застануваме во неколку градови за да ги поздравиме членовите на фан клубовите на Тоше, почнуваме од Нова Градишка, преку Белград и Скопје, до Крушево - рече еден од маратонците.

Ултра маратонот во чест на Тоше се реализира на иницијатива на Фондацијата „Тоше Проески", почнува на 16 октомври, а завршува на 19 октомври.



Промовиран миниатлетскиот терен во СУГС „Арсениј Јовков"

## ГРАДСКО ПРВЕНСТВО ВО ПИНГ-ПОНГ

Вкупно 40 ученици од 16 средни училишта во Скопје учествуваа на турнирот во пинг-понг за средните училишта на Град Скопје, што на 8 ноември се одржа во спортската сала „Борис Трајковски". На градското првенство се играше по „репасаж систем" во два добиени сета во четири групи кај машките и две групи по 4 играчи кај девојките. Првите двајца од секоја група ја сочинуваа финалната група од 8 играчи коишто со жрепка беа распоредени и до крај се играше по куп систем.

На првенството беа постигнати следните резултати:

Најуспешни 4 ученички:

**1. Магдалена Ташковска**
*- СУГС „Никола Карев"*
**2. Еми Симоновска**
*- СУГС „Здравко Цветковски"*
**3. Маја Ангеловска**
*- ДУФК „Методи Митевски-Брицо"*
**4. Николета Димитрова**
*- СУГС „Марија Кири-Склодовска"*

Најуспешни 8 ученици:

**1. Живко Апостоловски**
- СУГС „Раде Јовчевски- Корчагин"
**2. Кристијан Јовановски**
*- СУГС „Марија Кири-Склодовска"*
**3. Нерсан Мехмед**
*- СУГС „ Др. Панче Караѓозов"*
**4. Иван Ѓуровски**
*- СУГС „Васил Антевски-Дрен"*
**5. Сулејман Рамиз**
*- СУГС „Димитар Влахов"*
**6. Иљаз Сенад**
*- СУГС „Арсениј Јовков"*
**7. Бајрам Рефик**
*- СУГС „Димитар Влахов"*
**8. Никола Шерифов**
*- СУГС „Лазар Танев"*

Градското првенство во пинг-понг на средните училишта на територија на Скопје е под покровителство на Градот Скопје, а во организација на „Училишниот спорт на средни училишта во Скопје" и Пинг-понгарската Федерација на Македонија. Најдобрите од Скопје го претставуваа градот на Државното првенство на средни училишта во пинг-понг, што се одржа на 12 ноември годинава во Кавадарци.

# ПОЧНАА ЛИГА НАТПРЕВАРИТЕ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА СКОПЈЕ



Натпреварот во футсал во машка конкуренција меѓу екипи на средните училишта „Никола Карев" и „Орце Николов", што на 12 октомври се одржа во спортската сала на ОУ „Наум Наумовски – Борче", го означи стартот на Лига натпреварите во женска и во машка конкуренција меѓу екипи од средните училишта во градот Скопје за учебната 2010/2011 година.

- Би сакал, на сите учесници во годинешнава градска средношколска лига, да им пожелам успешен старт и многу среќа во натпреварите. Чест ми е што заедно со Агенцијата за млади и спорт и со Министерството за образование и наука, успеавме втора година по ред да ги организираме овие средношколски лига натпревари, со што верувам дека значително ќе влијаеме врз развојот на спортскиот дух кај средношколците во нашиот град. Целта на овие натпревари е да се вклучат што повеќе средношколци од коишто во иднина можеби ќе ги добиеме идните репрезентативци. Колку за споредба минатата година во овие систем натпревари учествуваа околу 3.000 средношколци, а беа одиграни над 400 натпревари. На Гимназијадата што се одржуваше тука во Скопје, средношколците од нашиот град освоија 5 први места од можни осум - истакна градоначалникот Трајановски на почетокот на лига натпреварите.



Годинава под покровителство на Град Скопје, Агенцијата за млади и спорт, Министерството за образование и наука и Федерацијата за училишен спорт на Република Македонија, а во организација на Училишен спорт на средни училишта во Скопје ќе бидат одржани лига натпревари во неколку спортови во женска и во машка конкуренција и тоа: футсал, ракомет, одбојка, кошарка, куглање, пинг-понг, атлетика, одбојка на песок и други. Во рамки на училишната лига ќе се натпреваруваат 28 екипи од средните училишта на територија на град Скопје, распоредени во 4 натпреварувачки групи, а победниците од секоја група по системот на елиминација, ќе се борат во четвртина финалето што треба да биде реализирано на крајот од оваа учебна година. Најдобрите две екипи, во двете конкуренции, во сите спортови, ќе се натпреваруваат на државното првенство на ниво на средни училишта.



На градската плажа

# СРЕДНОШКОЛЦИТЕ СЕ НАТПРЕВАРУВАА ВО ОДБОЈКА

На Градската плажа на почетокот на октомври се одржа турнир во одбојка на песок на средните училишта на Град Скопје во машка и во женска конкуренција. Во машка конкуренција победи екипата на СУГС „Раде Јовчевски - Корчагин", а во женска конкуренција првото место го освои екипата од СУГС „Георги Димитров".

Екипите беа составени од три члена, двајца играчи и една резерва. Во турнирот учествуваа екипи од средните училишта на Град Скопје: „Орце Николов", „Никола Карев", „Васил Антевски – Дрен", „Марија Склодовска – Кири", „Лазар Танев", „Панче Караѓозов", „Ѓорѓи Димитров", „Јосип Броз – Тито", „Панче Арсовски", „Раде Јовчевски – Корчагин", „Здравко Цветковски", „Арсениј Јовков", „Боро Петрушевски", „Владо Тасевски" и од „Михајло Пупин".

Градот Скопје за финалистите на турнирот на градски средношколски екипи во одбојка на песок во двете конкуренции обезбеди ваучери за спортска опрема, а натпреварите се одржаа во рамките на манифестацијата „Бела ноќ 2010".

# ЕКСПЛОЗИЈА ОД УМЕТНОСТ НА „БЕЛА НОЌ 2010“



Под мотото „Експлозија од уметност“ во голем број културни институции и локации низ централното градско подрачје на 2 октомври годинава, по шести пат, се одржа манифестацијата „БЕЛА НОЌ 2010“. Програмата изобилуваше со различни забавни содржини наменети за сите генерации и вкусови, што се одвиваа на отворен простор и во просториите на осумте градски институции: Музеј на Град Скопје, МКЦ, Дом на културата „Кочо Рацин“, Зоолошката градина, Детскиот културен центар „Карпош“, Универзалната сала, Библиотеката „Браќа Миладиновци“, Културно-информативниот центар, но и во Старата скопска чаршија и во Музејот на Македонија.

Во Музејот на Град Скопје манифестацијата свечено ја отвори градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

- На оваа манифестација, којашто по шести пат се одржува во Скопје, со свои уметнички дела, фотографии и инсталации настапуваат уметници од голем број држави. Целта на оваа манифестација е што е можно повеќе да ја доближиме уметноста до граѓаните на Скопје – рече градоначалникот Трајановски.

На годинешното издание на „Бела ноќ“, покрај големиот број уметници од Македонија, со свои изложби на фотографии и уметнички дела, како и разни уметнички и видеоинсталации, пред скопската публика се претстави и уметници од Хрватска, Грција, Словенија, Австрија, Холандија, Израел, Италија, Србија, Финска и од Франција.

Покрај многубројните културни манифестации, годинава се одржаа и повеќе спортски и забавни манифестации. Во Градскиот парк, на плочникот пред фонтаната „Лотосов цвет“, традиционално се одржа турнир во улична кошарка меѓу 16 екипи од средните училишта на Град Скопје, а тимовите беа составени од по 3 играчи, 2 машки и 1 женско. Во возбудливото финале, екипата на СУГС „Орце Николов“ ја совлада екипата на „Марија Кири-Склодовска“. За првпат во рамките на Бела Ноќ, во Градскиот парк, годинава се одржа и голем концерт на домашни хип-хоп групи, насловена како „ХИПХОПИЈАДА“. Пред публиката настапија составите: Хипхоп-Летика, Токсикологија, Клан Исток, Raw N'wicked САФ и Легијата.

И Детскиот фолклорен фестивал „Оро без граници“, како и секоја година така и оваа, беше дел од програмата на Бела ноќ“.





# БЕЛА НОЌ







# 4. ТРАДИЦИОНАЛЕН ФЕСТИВА

Триесетина домашни и странски винарии ги претставија своите производи на четвртиот по ред традиционален фестивал на виното во Скопје, „Вино-Скоп 2010“, којшто се одржуваше на плоштадот „Македонија“ од 13 до 17 октомври. Фестивалот на виното го привлече вниманието на скопјани коишто имаа можност да дегустираат нови видови вино и да уживаат во богатата музичка програма.

- Преку фестивалот на виното „Вино-Скоп“, Градот Скопје сака да ги поддржи и промовира македонските производители на вина, како и производителите на вино коишто доаѓаат од странство. Градот преку организирање вакви настани со забавни содржини има за цел да им се приближи на граѓаните и истовремено да привлече што повеќе странски туристи. Чест ми е што традиционално по четврти пат Градот Скопје дава свој придонес во промоција и афирмација на традиционалното македонско вино, како пред домашните, така и пред странските посетители - порача градоначалникот Коце Трајановски, на отворањето на манифестацијата.



Меѓународниот вински фестивал ја афирмира вековната традиција за производството на вино во Македонија и има за цел да промовира квалитетни и сортни вина од винарии и од производители на вино од нашава земја и од странство. На „Вино-Скоп 2010“ учествуваа 30-тина домашни и странски винарии: Agronikolov, Bovin, Dalvina, Dudin, Filovski, Fonko, Imako, Kamnik, Grkov, Ohridija, Peca Popov, Popova Kula, Radevski, Sopot, Stobi, Skovin, Vinar, Gemak, Proseco, Heineman, Pivka, Altan, Tristo, Tikves, Chateu Royal, Kartal и Agrokor vina. Во музичката програма настапи имаа: Los Manchos de la Mancha (Франција), Kraljevi ulice и Frikovi (Хрватска), Зоран Џорлев, Благоја Маротов, Тодор Трајчевски (Македонија), Krusimusig (Швајцарија), Zambramora (Италија), Ренесансери, Ристо Самарџиев, Зафир Хаџиманов, Ускаканкантурови (Македонија), Rusko KUD Slavjanka (Русија), Вања Лазарова и Черкези оркестар од Република Македонија, Zig Zag Orchestra (ks) и многу други.

Продажбата на сите производи на фестивалската територија се вршеше исклучиво со таканаречените „Вински денари“ (бонови) што се продаваа на определените пунктови на „Вино-Скоп“, а љубителите на овој пијалак на вистината можеа да купат и специјално испечатени чаши.

Фестивалот „Вино-Скоп 2010“ се одржа на иницијатива и под покровителство на Градот Скопје, а стручен организатор беше друштвото за угостителство и трговија „OLD GRIPS PUB“ Д.О.О. Скопје.

# АЛ НА ВИНОТО ВО СКОПЈЕ










# ДЕЛЕГАЦИЈА ОД ЗБРАТИМЕНИОТ **ДРЕЗДЕН** ВО ПОСЕТА НА СКОПЈЕ





Делегација од збратимениот град Дрезден, СР Германија, предводена од заменик-градоначалникот на Дрезден, Детлеф Сител, на 27 септември го посети Скопје и се сретна со градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски. Со делегацијата допатуваа и претставници на градската администрација: Мартин Шидијак, раководител на Секторот за култура и заштита на спомениците на Град Дрезден и Анке Хакер, одговорна за соработката со Град Скопје, како и реномирани културно-уметнички работници од градот.

Во рамки на посетата на Град Скопје ликовните уметници од Дрезден, во Младинскиот културен центар-Скопје, реализираа групна изложба на дела работени во техника графика. Во МКЦ беа изложени 20 дела на уметници од овој град, коишто настанале во периодот од 2008 до 2010 година во графичката работилница на градот и претставуваат преглед на современата графика во Дрезден. Во клубот „Хавана", во Домот на градежниците, концерт одржа четиричленатa рок-група „HERZZ" од Дрезден.

Скопје и Дрезден се збратимени градови од 1967 година и имаат успешна соработка на полето на културата, образованието и спортот, како и размена на искуства во противпожарната заштита.

# КАНСКИОТ ФИЛМСКИ ПОБЕДНИК ЗА ПОЧЕТОК НА „СИНЕДЕЈС 2010“

Со проекцијата на тајландскиот филм „Чичко Бонме се сеќава на минатите животи“ на Апичатпонг Верасетакул на 11 ноември беше отворено 9. издание на Фестивалот на европски филм „CinEd@ys ‘10“. Филмот за отворањето е годинешниот победник на Канскиот фестивал, а фестивалот „Синедејс 2010“ за отворен го прогласи градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

– Со мотото „Чувство на добар филм“, годинава од 11 до 18 ноември на македонската публика и се нуди ретка можност да проследи вкупно 59 филмови од најновата европска филмска продукција. Не треба да заборавиме дека татковината на седмата уметност, отсекогаш била Старата дама – Европа. Европскиот филм, којшто е неодминлив бренд на модерната и современата европска култура, секогаш се истакнува со високи уметнички и естетски дострели. Сведоци сме на растежот на „Синедејс“, којшто од фестивал со ревијален карактер, прерасна во филмски фестивал со свои награди и признанија за чиешто доделување решава меѓународно жири - рече Градоначалникот Трајановски.

За годинашново издание на „Синедејс“ се селектирани шеесетина филмови од поновата европска продукција. Меѓу нив се новите остварувања на Вуди Ален, Мајкл Винтерботом, познатиот француски нововрановец Жан Лик Годар, како и еден од најинтересните поранешни југословенски автори Рајко Грлиќ. Филмовите се групирани во 3 главни категории: Гала, Официјална програма и Балкан Линк. Филмовите од официјалната програма се натпреваруваат за „Златната ѕвезда“ (најдобар филм), „Сината ѕвезда“ (за најдобра режија), а филмовите од Балкан линк за наградата „Златно сонце“.







Филмовите се прикажуваат на неколку локации меѓу коишто: Градското кино „Милениум“, Кино „Фросина“ во МКЦ и автокиното на Средно Водно. Крајот на „Синедејс 2010“ го означи проекцијата на годинешниот берлински лауреат, турскиот филм „Мед“ на Семи Капланоглу.

Фестивалот годинава нуди и нови содржини, а најатрактивно е отворањето автокино на Средно Водно каде што филмовите се прикажуваат на специјално инсталирано филмско платно.

*Почна традиционалната градска манифестација*

# „НОВОГОДИШНИТЕ БОИ НА СКОПЈЕ“



Градот Скопје ја почна традиционалната манифестација „Новогодишните бои на Скопје“ во којашто скопјани и годинава ќе може да се натпреваруваат за најкреативно новогодишно украсување на своите домови и работни простории.

Заинтересираните граѓани и правни субјекти што сакаат да учествуваат во акцијата може да се пријават на телефонскиот број 3297 265, од 9 до 16 часот, од 10 до 20 декември 2010 година.

Фотографии од украсените објекти, заедно со личните податоци за сопствениците, телефонскиот број и адресата, може да се испраќаат и на Интернет-адресата mediumi@skopje.gov.mk или на адресата: булевар Илинден 66, со назнака за акцијата „Новогодишните бои на Скопје“.

Годинава, традиционално, ќе се избира:

*Најубаво новогодишно украсен двор од индивидуална куќа;*

*Најубаво украсен прозорец или тераса од стан;*

*Најубаво украсен деловен објект (продавници, ресторани, кафулиња).*

*Најубаво украсен двор на средно училиште*

*Најубаво украсен влез пред колективно домување (станбена зграда)*

Жири-комисијата којашто ќе ги оценува пристигнатите пријави ќе биде составена од претставници на медиумите.

Град Скопје обезбеди фонд на награди што ќе им бидат доделени на најуспешните, а спонзорите ќе го зголемат наградниот фонд.

# ПРОГЛАСЕНИ НАЈДОБРИТЕ УГОСТИТЕЛИ ВО СКОПЈЕ



Гостилницата „Дукат“ е избрана за најдобра гостилница во Скопје во третата по ред традиционална градска манифестација „Најдобар угостител меѓу најдобрите“. Второто место и припадна на гостилницата „Лира“, а трета е гостилницата „Кај Димитрис“. Во категоријата ресторани водечкото место и припадна на „Стара градска куќа“, втор беше ресторанот „Балканика“, а на третото место се најде ресторанот „Азафран“. Плакетите и дипломите на најдобрите угостители во нашиот град во двете категории - најдобра гостилница и најдобар ресторан им ги врачи градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

- Се надевам дека наградите што ќе ги доделуваме денеска, за оние што ќе ги добијат се верификација на нивната успешна работа и ќе им бидат мотив плус да ја усовршат сопствената услуга, но истовремено за оние што никогаш не ги добиле овие признанија, овој настан ќе претставува поттик да ја подобрат услугата и односот со гостите и веќе идната година, плакетата за најдобар угостител да биде во нивните раце - истакна градоначалникот Трајановски.

Истражувањето, како и досега, се одвива во две фази, а го врши Агенцијата SWOT Research преку своите тајни купувачи. Истражувањето беше спроведено во период од 15.09-15.10. 2010 година, а тајните купувачи ги посетија локалите три пати пред да ја донесат конечната одлука. Годинава беа испитувани 50 гостилници и исто толку ресторани, а тајните купувачи се раководеа по неколку критериуми: прв впечаток, изглед на просторијата, квалитет на услуга, квалитет на храната и завршен контакт. Манифестацијата е во организација и под покровителство на Градот Скопје.







# ГРАДОТ СКОПЈЕ
# ПОДГОТВЕН ЗА РАСЧИСТУВАЊЕ СНЕГ



***Градскиот кризен штаб и годинава ќе ги координира работите за одржување на магистралните и на собирните улици во зимски услови, од 15.11.2010 година до 15.03.2011 година, врз основа на Програмата усвоена од Советот на Град Скопје и средствата утврдени во градскиот буџет.***

Градот Скопје за оваа зимска сезона обезбеди 1.500 тони сол со коишто ќе се расчистува паднатиот снег на градските улици. Градскиот кризен штаб којшто ги координира работите за одржување на магистралните и на собирните улици во зимски услови е веќе формиран и ќе работи од 15 ноември годинава до 15 март 2011 година, според Програма усвоена од Советот на Град Скопје.

Со Програмата се предвидени обемот, динамиката и нивото на одржување на улиците, со цел да се обезбеди непречено и безбедно одвивање на сообраќајот. Јавното претпријатие „Улици и патишта" е носител на најголемиот дел од активностите и нивната механизација е подготвена.

И другите јавни претпријатија имаат свои задолженија во зимската служба, расчистување на снегот од тротоарите и приодите кон јавните згради, како и расчистување на сливниците од атмосферската канализација. Тие имаат подготвено и посебни подпрограми за расчистување на јавни површини во зимски услови. Доколку има потреба, Градот Скопје ќе ангажира и дополнителна механизација за расчистување на снегот.

За оваа зимска сезона Градот Скопје обезбеди и 200 тони ладен асфалт, а целокупната финансиска конструкција за зимската служба изнесува 70 милиони денари.

*Градскиот кризен штаб е формиран од претставници на градската администрација, градските јавни претпријатија, општините, Инспекторатот за сообраќај и Министерството за внатрешни работи - Комесаријатот за сообраќај.*

*Кризниот штаб апелира до граѓаните, месните заедници, куќните совети и претпријатијата да преземаат навремени мерки за расчистување на пешачките приоди, приодите до објектите и до покривите. Во спротивно, полицијата и комуналните инспектори ќе изрекуваат глоби, врз основа на Законот за јавна чистота.*

*Вкупната површина на коловозните ленти за одржување во зимски услови изнесува 2,6 милиона квадратни метри и нивното расчистување се реализира според приоритетите. Најпрво се интервенира на критичните точки, на мостовите и на подвозниците, на сообраќајниците под надлежност на Град Скопје, приставите до објектите од витално значење за граѓаните и улиците што се од посебно значење за функционирање на сообраќајот (стопанските објекти).*

*За расчистување на снегот од сервисните улици надлежни се градските општини.*



Скопје го прослави Денот на ослободувањето